**ВРАБОТУВАМЕ**

**Внатрешен ревизор во Служба за внатрешна ревизија**

**Потребни квалификации:**

- Универзитетска диплома во релевантна област (Ревизија, Сметководство, Финансии или еквивалентна област)
- Најмалку 3 години релевантно работно искуство во областите на внатрешна ревизија/надворешна ревизија/управување со ризици/банкарство/сметководство или финансии; Професионално искуство во внатрешна ревизија во банкарскиот сектор ќе се смета како предност.
- Одлично познавање на Деловните банкарски технологии и процеси, како и на законската регулатива и управувањето со ризици, релевантни за банкарскиот сектор.
- Познавање и значително искуство во спроведување на Меѓународните стандарди за професионална практика на внатрешната ревизија и Меѓународните стандарди за финансиско известување, ќе се сметаат како предност.
- Одлични способности за тимска работа, комуникација и меѓучовечки односи.
- Одлични аналитички и презентациски способности и способност за писмено известување.
- Способност за самостојно планирање, организирање и навремено исполнување на задачите.
- Познавање (вербално и писмено) на англиски јазик, како и напредно користење на MS Office.
- Напредни компјутерски вештини за користење на компјутерски техники во делот на ревизија ќе се смета како предност.

**Одговорност и задачи:**

- Имплементација на стручни стандарди и начела на внатрешната ревизија, согласно Меѓународните стандарди за професионално практикување на внатрешната ревизија и интерните акти на Службата за внатрешна ревизија;
- Оцена на клучните ризици во работењето на Банката, со цел дефинирање на годишните и долгорочните планови на ревизорски прегледи;
- Подготовка на ревизорски програми и спроведување на редовни/планирани, вонредни и ненајавени ревизорски прегледи на работењето на Банката;
- Изработување на извештаи за спроведените ревизорски прегледи, во согласност со интерните акти на Службата за внатрешна ревизија;
- Оцена на усогласеноста на работењето на Банката со законската регулатива и интерните акти на Банката;
- Оцена на ефикасноста и ефективноста на воспоставените интерни контроли и адекватноста на системите за управување со ризици на ревидираните подрачја;
- Дефинирање на ревизорски препораки со цел подобрување на системите на внатрешна контрола и управувањето со ризици;
- Следење и известување за статусот на реализација на ревизорските препораки;
- Изработување на известувања од областа на Внатрешната ревизија за потребите на надлежните органи во Банката и регулаторите.

Работното време е 8 часа дневно, односно 40 часа неделно, од понеделник до петок.

Кандидатите кои ги исполнуваат горенаведените критериуми ќе бидат повикани на интервју. Сите пристигнати биографии ќе се третираат со максимална доверливост.

Заинтересираните кандидати да испратат кратка биографија (CV) на
jobs@unibank.com.mk
најдоцна до 26.11.2023 година

Со пријавување на огласот ќе се смета дека се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува Вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законсите прописи.

Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk